Стопанска Банка АД Скопје, членка на НБГ - најголемата финансиска групација во Југоисточна Европа објавува:

**О Г Л А С**
**За прием на работник на работно место**
**ИТ Мрежен Администратор**
**во Сектор за информатичка технологија**
**(1 работно место)**

**Кандидатот треба да ги исполнува следните квалификации:**

- Искуство во одржување на CISCO и HP мрежни уреди,
- Искуство во одржување на комуникациски врски и мрежни адресни шеми, мониторинг и оптимизација на перформанси на комуникациски врски,
- Искуство во дефинирање на права на пристап на мрежно ниво и безбедност на компјутерски мрежи,
- ВСП – факултет за информатичка технологија или електротехника,
- Работно искуство од најмалку 5 години,
- Одлично познавање на пишан и говорен англиски јазик (поседување на соодветен сертификат за IELTS, TOEFL ќе се смета за предност)

**Лични карактеристики:**

- Комуникативна и динамична личност со способност за преземање на иницијативи
- Тимски дух, позитивен став и однесување
- Способност за работа под притисок, справување со стрес и извршување повеќе работи истовремено во кратки временски рокови
- Прецизност, точност и аналитичен пристап во работењето
- Висок личен интегритет, деловен и професионален однос

Банката обезбедува основна плата во месечен нето износ од 30.000 МКД.

Работното време е 8 часа дневно или 40 часа неделно, со можност за работа во две смени. Работното време е со почеток од 8.00ч до 9.00ч и крај од 16.00ч до 17.00ч. Банката нуди динамична, квалитетна и пријатна работна средина, дополнителна обука и можности за стручно усовршување и професионален напредок на своите вработени.

Ве молиме ја пополните нашата online апликација на веб страната на Банката **http://www.stb.com.mk/kariera-vo-sb/** и Вашето CV (кратка биографија) на англиски и македонски јазик да го доставите најдоцна до **22.03.2015 година**, во седиштето на Банката на ул. 11 Октомври, бр. 7, 1000 Скопје **со назнака за кое работно место аплицирате. Лице за контакт, тел. 3295- 277 Даниела Радевска**

Банката ќе изврши избор во рок од 45 дена по истекот на рокот за пријавување.
Само селектираните кандидати ќе бидат известени и повикани на интервју.